**20230390713**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

# УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ОБВРСКИТЕ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОБНОВЛИВА ЕНЕРГИЈА ECM - КОМПОНЕНТА I: РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА ХИДРОЕЛЕКТРАНИ, КОЈ ЌЕ СЕ СКЛУЧИ МЕЃУ КРЕДИТНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА – КФВ И АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ, СКОПЈЕ

Се прогласува Законот за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Програмата за обновлива енергија ECM - Компонента I: Ревитализација на хидроелектрани, кој ќе се склучи меѓу Кредитната Банка за обнова – КФВ и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 21 февруари 2023 година.

Бр. 08-973/1
21 февруари 2023 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

# ЗАКОН ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ОБВРСКИТЕ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОБНОВЛИВА ЕНЕРГИЈА ECM - КОМПОНЕНТА I: РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА ХИДРОЕЛЕКТРАНИ, КОЈ ЌЕ СЕ СКЛУЧИ МЕЃУ КРЕДИТНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА – КФВ И АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ, СКОПЈЕ

Член 1

Република Северна Македонија го гарантира намирувањето на обврските и исполнувањето на одредбите од Договорот за заем за финансирање на Програмата за обновлива енергија ECM - Компонента I: Ревитализација на хидроелектрани, кој ќе се склучи меѓу Кредитната банка за обнова – КФВ и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, во износ од 25.000.000 евра, доколку Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, не ги исполнува и сервисира обврските од Договорот за заем.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот се утврдуваат со Договорот за заем од членот 1 од овој закон, кој ќе се склучи меѓу Кредитната банка за обнова – КФВ и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за финансирање на Програмата за обновлива енергија ЕСМ – Компонента I: Ревитализација на хидроелектрани.

Член 3

Сите обврски кои произлегуваат од Договорот за заем од членот 1 од овој закон, како и сервисирањето на заемот ќе ги намирува Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, од приходите кои ги остварува, во рокови и услови утврдени во Договорот за заем од членот 1 од овој закон.

Член 4

Рокот за отплата на заемот од членот 1 од овој закон е 15 години, со вклучен грејс период од пет години.

Каматната стапка ќе се утврдува одделно за секоја транша од заемот при нејзино повлекување.

При повлекување на секоја наредна транша се пресметува пондерирана просечна каматна стапка и истата ќе се применува на повлечениот износ од заемот.

Заемот ќе се отплаќа во полугодишни рати кои пристигнуваат за плаќање на 30 јуни и 30 декември.

Член 5

Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, ќе ѝ плати на Кредитната банка за обнова - КФВ еднократна провизија во висина од 0,75% од износот на заемот пред повлекување на првата транша од заемот, а доколку во рок од три месеци од денот на склучувањето на Договорот за заем од членот 1 од овој закон Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје не направи повлекување на првата транша од заемот, ќе ѝ плати на Кредитната банка за обнова - КФВ еднократна провизија во висина од 0,75% од износот на заемот.

Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, ќе ѝ плаќа на Кредитната банка за обнова - КФВ провизија во висина од 0,25% од неповлечените средства од заемот на годишно ниво, која се плаќа на полугодишни рати, кои пристигнуваат за плаќање на 30 јуни и 30 декември.

Провизијата од неповлечените средства од ставот 2 на овој член, Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, ?започне да ја плаќа во рок од шест месеци од денот на потпишувањето на Договорот за заем од членот 1 од овој закон.

Член 6

За регулирање на меѓусебните права и обврски, кои произлегуваат од Договорот за заем од членот 1 од овој закон и Договорот за гаранција, Министерството за финансии и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, ќе склучат посебен договор.

Член 7

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.